**Известување за концентрација со која АЛФИ, управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о, Република Словенија ќе стекне контрола над Панорганикс, трговија на големо со овошје и зеленчук, Република Словенија**

**(предмет бр. 08-77/2025)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 16.04.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која АЛФИ, управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о (ALFI, upravljanje alternativnih investicijskih skladov, d.o.o.), со регистрирано седиште на адреса Веровшкова улица 55A, 1000 Љубљана, Словенија има намера да стекне самостојна контрола над друштвото Панорганикс, трговија на големо со овошје и зеленчук (Panorganix, trgovina na debelo s sadjem in zelenjavo, d.o.o.), со регистрирано седиште на адреса Улица Рада Пушењака 45, 9240 Љумотер, Република Словенија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**АЛФИ управува со алтернативни инвестициски фондови** и е регистрирано во Агенцијата за пазари за хартии од вредност на Словенија.
АЛФИ врши анализа на (потенцијални) вложувања и управување со инвестициски фондови, додека самото управување со вложувањата е делумно оставено на други друштва.
АЛФИ управува со инвестициски фондови АЛФИ II (ALFI II; основано под називот АЛФИ II, Специјални инвестициски фондови, АЛФИ ДИЈ ЦЕЕ (ALFI DIY CEE; основано под називот АЛФИ ДИЈ ЦЕЕ, Алтернативни инвестициски фондови и АЛФИ СИС (ALFI SIS; основано под називот АЛФИ, Специјални инвестициски фондови во ликвидација).

АЛФИ Групата гледана во најширока смисла има регистрирано локално присуство преку индиректното зависно друштво:
АПОЛЛО МК ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на адреса Булевар Киро Глигоров бр. 13, Гази Баба, Скопје и остварува приходи во Северна Македонија преку трговија на големо со играчки, квалитетна детска опрема, детска галантерија и детски текстил.

АЛФИ Групата е активна првенствено во управувањето со инвестиции и имоти, особено во областите на малопродажбата, наплатата на долгови и други алтернативни инвестиции. АЛФИ Групата врши анализа на (потенцијални) инвестиции и управува со инвестициските фондови, додека самото управување со инвестициите делумно им е доверено на други друштва во групата.
Меѓутоа, АЛФИ Групата во моментот нема инвестиции, ниту деловни активности во областа на производството и продажбата на зеленчуци и овошја во Република Северна Македонија.

**Панорганикс, трговија на големо со овошје и зеленчук** е словенечко друштво основано во 2017 година.

Панорганикс, трговија на големо со овошје и зеленчук  е активно во органско производство на лиснат зеленчук, како што се зелена салата, спанаќ и билки за зачин, како и лук и боровинки, користејќи минимални ресурси, избегнувајќи пестициди и со нулта емисија на јаглерод диоксид.
Панорганикс, трговија на големо со овошје и зеленчук  применува иновативни пристапи во земјоделството, користејќи биопоника која овозможува одржливо производство на храна во контролирани услови.
Друштвото Панорганикс, трговија на големо со овошје и зеленчук  нема зависни друштва и не остварува приходи во Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

23.04.2025 година

Скопје